

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИ ОД ЕГЕЈСКА И ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“

Стефан Влахов Мицов е универзитетски професор, историчар, писател, публицист и бранител на Македонците во етничка Македонија и насекаде по светот. Тој е автор на богат научно-истражувачки опус. Негови најзначајни дела се: „Филозофскиот клуч за македонскиот идентитет“, „„Држава – како се гради и брани“, „Балканска психологија – државници и марионети“, „Творечки дострели во македонски дух“, „Филозофија на балканскиот пекол“ и најновото негово дело „Македонска национална програма“

Стефан Влахов Мицов е историчар и авторот кој пишува за македонската историја и за вредностите создавани низ вековите. Тој е вљубеник во Македонија и ги брани интересите и правата на Македонците насекаде по светот, особено на Македонците во пиринскиот дел на Македонија. Тоа го прави со пишувањето на колумни и други текстови од историјата на македонскиот народ во македонското гласило „Народна волја“, весник кој се печати во Благоевград (Горна Џумаја), во пиринскиот дел на Македонија.

Инаку „Народна волја“ е македонски весник за теорија, историја, култура и уметност. Тој е единствениот македонски весник во пиринскиот дел на Македонија, и воопшто, во Бугарија. Весникот „Народна волја“ излегува еднаш месечно и се печати двојазично, на македонски и на бугарски јазик.

Првиот број на „Народна волја“ излегол на 1 октомври 1980 година во Сиднеј, Австралија. Како негови основачи се јавуваат повеќемина македонски емигранти, претежно од пиринскиот дел на Македонија. Името „Народна волја“ е земено во спомен на истоименото весник, издаван во почетокот на XX век од Јане Сандански и неговите приврзаници - санданистите.

За прв главен уредник на новата „Народна волја“ беше избран Александар Христов (1929 - 2005). Поради неговото враќање во Лондон, заедно со него се преселува и седиштето на редакцијата, па долги години потоа весникот излегува во Англија.



Габрово


НАРОДНА
ВОЉА
МАКЕДОНСКИ ВЕСНИК ЗА ТЕОРИЈА, ИСТОРИЈА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ




Стефан Влахов – Мицов
МАКЕДОНСКА НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА
матица





Пишува: СЛАВЕ КАТИН